# О П Ш Т И Н А   Г Е В Г Е Л И Ј А

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

11 септември 2020 година, Гевгелија Број 9 Година XXXIX

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02г.), член 38 став (1) точка 43 и член 84 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10и 18/14г.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 10.09.2020 година, расправајќи по Информацијата за поднесеното барање на СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија за реализација на воспитно-образовниот процес со физичко присуство на учениците во учебната 2020/2021 година, го донесе следново

# МИСЛЕЊЕ

**Член 1**

Советот на Општина Гевгелија е на мислење да се прифати барањето на СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија за изведување настава со целосно физичко присуство во паралелките кои бројат до 17 ученици и комбинирано – со физичко присуство и учење на далечина во паралелките кои бројат над 17 ученици, кои ќе се менуваат на неделна основа, поднесено од директорот на средното општинско училиште под бр.03-624/1 од 04.09.2020 година.

**Член 2**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Гевгелија во најкус можен рок барањето да го испрати до Комисијата формирана од Владата на РСМ за разгледување на поднесени барања за организирање на настава со физичко присуство.

**Член 3**

Ова мислење влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-1374/1
10.09.2020 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на О.Гевгелија,
**Тодор Ристов, с.р.**

---

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02г.), член 38 став (1) точка 43 и член 84 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10и 18/14г.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 10.09.2020 година, расправајќи по Информацијата за поднесеното барање на ООУ "Владо Кантарџиев"-Гевгелија за реализација на воспитно-образовниот процес со физичко присуство на учениците во учебната 2020/2021 година, го донесе следново

# МИСЛЕЊЕ

**Член 1**

Советот на Општина Гевгелија е на мислење да се прифати барањето на ООУ "Владо Кантарџиев"-Гевгелија за изведување настава со целосно физичко присуство на учениците од 1-во до 5-то одделение и во Централното училиште и во Подрачните училишта Мрзенци и Богородица, и комбинирано физичко присуство и учење на далечина за учениците од 6-то до 9-то одделение, и тоа пола паралелка со физичко присуство, а другата половина од паралелката со учење од далечина, кои ќе се менуваат на неделна основа, поднесено од директорот на основното општинско училиште под бр.03-274/1 од 07.09.2020 година.

**Член 2**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Гевгелија во најкус можен рок барањето да го испрати до Комисијата формирана од Владата на РСМ за разгледување на поднесени барања за организирање на настава со физичко присуство.

**Член 3**

Ова мислење влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-1375/1
10.09.2020 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на О.Гевгелија,
**Тодор Ристов, с.р.**

----------------------------------

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02г.), член 38 став (1) точка 43 и член 84 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10и 18/14г.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 10.09.2020 година, расправајќи по Информацијата за поднесеното барање на ООУ "Крсте Мисирков"-Гевгелија за реализација на воспитно-образовниот процес со физичко присуство на учениците во учебната 2020/2021 година, го донесе следново

# МИСЛЕЊЕ

**Член 1**

Советот на Општина Гевгелија е на мислење да се прифати барањето на ООУ "Крсте Мисирков"-Гевгелија за изведување настава со целосно физичко присуство на учениците од 1-во до 5-то одделение и во Централното училиште и